# ЗАПИСНИК

Од одржаната 44-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 13.03.2024г. со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с.Новаци.

На седницата беа присутни сите (9) членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Горан Вељановски, Наумче Смилевски и Александар Канзуровски.

На седницата беа присутни Градоначалникот Стевановски и вработени во Општина Новаци: Оливера Димитровска- раководител, Летка Јовановска- раководител, Анета Киселоска- раководител и Николина Лозановска- советник.

Гости на 44-та седница на Советот на Општина Новаци беа Јагода Неделкова, ВД Директор на МЈП „Пелалинк“ – Битола, Александар Стевановски, поранешен ВД Директор на ЈПКД „Комунална хигиена“ и Благојче Николовски, моментален ВД Директор на ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 43-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и донесување на Статут за измена и дополнување на Статутот на Општина Новаци;
3. Разгледување и усвојување на Годишен извештај на Општина Новаци за 2023 г.;
4. Разгледување и донесување на Завршна сметка на Општина Новаци за 2023 г.;
5. Разгледување и усвојување на Годишен извештај на извршените работи за одржување на јавна чистота во Општина Новаци за 2023 год.;
6. Разгледување и усвојување на Годишен извештај за работењето на Јавното претпријатие за комунални дејности „Комунална хигиена“– Новаци за 2023 год.;
7. Разгледување и усвојување на Завршна сметка на ЈПКД „Комунална Хигиена“- Новаци за 2023 год.;
8. Разгледување и усвојување на Завршна сметка на ЈОУДГ „Бамби“ – Новаци за 2023 год.;
9. Разгледување и усвојување на Завршна сметка на МЈП „Пелалинк“ за период од 01.01.2023 до 31.12.2023 год.;
10. Разгледување на Барање од Црковен одбор на манасторот „Св. Ѓоргија“ од с. Паралово за набавка на прехрамбени продукти и пијалоци за одбележување на панихида;
11. Советнички прашања.

Пред да се разгледа Дневниот ред на 44-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката Најдовска Стојковска, предложи Дневниот ред да се измени и дополни. Имено на предлог на Комисијата за статут и прописи да не се разгледува точка бр 2, но истовремено дневниот ред да се дополни со 1 (една) точка, која поради својата итност, неодложно треба да се разгледа на оваа седница.

1. Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на средства за одбележување на празникот на Општина Новаци “30 – ти Март“ 2024 г.

Советот на Општина Новаци со **<u>9 гласа за</u>** го прифати предлогот за изменувањето и дополнувањето на Дневниот ред, така што Дневниот ред на 44-та седница на Советот на Општина Новаци, по претрпените измени е составен од 11 (единаесет) точки.

**1 точка** <u>Разгледување и усвојување на Записникот од 43-та седница на Совет на Општина Новаци</u>

По разгледувањето, Записникот од 43-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **<u>9 гласа за</u>**.

**2 точка** <u>Разгледување и усвојување на Годишен извештај на Општина Новаци за 2023 г.;</u>

По однос на првата точка, Оливера Димитровска - раководител на финансии пред Советот детално го презентираше Годишниот извештај кој преставува наративно прикажување на приходите и расходите од буџетот на Општина Новаци за 2023 год., при што потенцира дека остварувањето на приходите за 2023г. изнесуваат 80%. Советникот Николче Димовски постави прашање дали приходот по основ данок на имот се остварува на задоволително ниво, на што Димитровска одговоди дека приходот по овој основ е задоволителен споредбено со минатите години и се движи во нагорна линија.

По дискусијата, Советот на Општина Новаци гласаше по однос на втората точка така што со **<u>6 гласа за и 3 гласа воздржан</u>** донесе Одлука за усвојување на Годишен извештај на Општина Новаци за 2023 година.

**3 точка** <u>Разгледување и донесување на Завршна сметка на Општина Новаци за 2023 г.;</u>

Оливера Димитровска - раководител на финансии по однос на третата точка зеде збор и пред советниците накратко даде објаснување дека завршната сметка преставува сублимат од кварталните извештаи, со тоа што има новина која се однесува на тоа што во завршната сметка се преставуваат и оние приходи кои до 31.12.2023г. се наоѓаат непотрошени на наменските сметки, така што се пренесуваат во наредниот буџет како преносен вишок.

По кратка дискусија, Советот на Општина Новаци гласаше, така што со **<u>6 гласа за и 3 гласа воздржан</u>** донесе Одлука за донесување на Завршна сметка на Буџетот на Општина Новаци за 2023 година.

**4 точка** <u>Разгледување и усвојување на Годишен извештај на извршените работи за одржување на јавна чистота во Општина Новаци за 2023 год.;</u>

Александар Стевановски – кој во 2023 година беше ВД директор на ЈПКД „Комунална хигиена“, пред советниците накратко го презентираше Годишен извештај во кој беа преставени сите активности кои беа превземени за одржување на јавната чистота ( одржување со метење, машинско миење, рачно миење, одржување на паркови и зеленило, чистење на каналчиња и одвод на атмосверска вода, одржување на излетнички места) на територијата на општината за чија реализација беа издвоени 5.194.415,00 ден од буџетот на Општина Новаци.

Советот на Општина Новаци со **<u>7 гласа за и 2 воздржан</u>** донесе Одлука за усвојување на Годишен извештај од ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци, на извршени работи за одржување на јавна чистота во Општина Новаци, за 2023 година

**5 точка** Разгледување и усвојување на Годишен извештај за работењето на Јавното претпријатие за комунални дејности „Комунална хигиена"– Новаци за 2023 год;

Александар Стевановски – кој во 2023 година беше ВД директор на ЈПКД „Комунална хигиена", пред советниците зеде збор и по однос на оваа точка. Имено тој го информираше Советот дека во 2023г. се подигнуваше комунален отпад од единаесет населени места каде што се опфатени 605 корисници, при што во депонијата Мегленци се депонираше 2.910 м³ или 874 тони отпад од физички и правни лица. Исто така тој информираше дека 2023г. ЈПКД „Комунална хигиена" оствари позитивен финансиски резултат во износ од 115.927,00 ден.

Советот на Општина Новаци со **7 гласа за и 2 воздржан** донесе Одлука за усвојување на Годишен извештај за работењето на ЈПКД „Комунална Хигиена" Новаци, за 2023 година

**6 точка** Разгледување и усвојување на Завршна сметка на ЈПКД „Комунална Хигиена"- Новаци за 2023 год.;

Александар Стевановски поранешен ВД директор на „Комунална Хигиена"- Новаци и по однос на оваа точка зеде збор и пред Советот накратко информираше дека приоходите за 2023год. изнесувале 12.967.000,00 ден., додека расходите изнесувале 12.832.000,00 ден што значи остварен е позитивен финансиски резултат. Она што него и моменталниот директор на претпријатието Благојче Николовски ги загрижува е доспеаниот долг по основ на кредит кој треба да се исплати до септември 2024год. Во дискусијата се вклучи Оливера Димитровска која ги информираше советниците дека Општина Новаци има можност да го субвенционира претпријатието исклучиво врз основа на претходно усвоена „Програма за субвенционирање на јавните претпријатија" од страна на Советот на Општина Новаци. На тој начин Општина Новаци ќе има можност финансиски да му помогни на ЈПКД „Комунална Хигиена"- Новаци во надминување на проблемот со исплата на долгот по основ на кредит кој во моментот изнесува приближно 1.000.000,00 ден.

Советниците развија дискусија по оваа точка при што ги изнесоа своите ставови и мислења. По дискусијата, Советот на Општина Новаци гласаше, така што со **7 гласа за и 2 гласа воздржан** донесе Одлука за усвојување на Завршна сметка на ЈПКД „Комунална Хигиена" Новаци за 2023 г.

**7 точка**: Разгледување и усвојување на Завршна сметка на ЈОУДГ „Бамби" – Новаци за 2023 год.;

Советот ја разгледа Завршната сметка, по што точката ја стави на гласање, така што со **9 гласа за** донесе Одлука за усвојување на Завршна сметка ЈОУДГ ,,Бамби" Новаци за 2023 год.

**8 точка:** Разгледување и усвојување на Завршна сметка на МЈП „Пелалинк" за период од 01.01.2023 до 31.12.2023 год;

По однос на оваа точка збор зеде Јагода Неделкова, ВД Директор на МЈП „Пелалинк" – Битола која накратко ја презентираше завршната сметка пред Советот. Имено буџетот на претпријатието за 2023г. изнесуваше 1.329.056,00 ден. од кои 692.296,00 ден се врз основ на сопствено работење, а остатокот се по основ на субвенции од општините Битола, Новаци и Могила. Исто така таа информираше дека во 2023 год претпријатието работеше со финансиска загуба од 133.130,00 ден.

Советот на Општина Новаци по дискусијата со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Одлука за усвојување на Завршна сметка МЈП „ПЕЛАЛИНК"- Битола за 2023 година.

**9 точка:** Разгледување на Барање од Црковен одбор на манасторорот „Св. Ѓоргија“ од с. Паралово  за набавка на прехрамбени продукти и пијалоци за одбележување на панихида;

Советот на Општина Новаци го разгледа Барањето за одбележување на годишнината од смртта на војводата Ѓорги Сугарев, која традиционално секоја година се одбележува на 25-ти Март на неговото почивалиште во с.Паралово. Советниците гласаа така што **едногласно** донесоа Одлука за одобрување на финансиски средства за одбележување на годишнина од смртта на војводата Ѓорѓи Сугарев.

**10 точка:** Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на средства за одбележување на празникот на Општина Новаци “30 – ти Март“ 2024 г.

По повод денот на Општина Новаци, кој се одбележува на 30-ти Март, Советот на Општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за одобрување на финансиски средства за одбележување на празникот на Општина Новаци „30-ти Март“.

**11 точка:** Советнички прашања.

Советот на Општина Новаци, по разгледувањето на сите точки од Дневениот ред, немаше дополнителни советнички прашања со што 44-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска